Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 Програма за активностите на Општина Карпош во областа во спортот за 2016 година и Одлуката за издавање под закуп на училишни спортски сали и друг простор (холови и училници) во основните училишта на територија на Општина Карпош, („Службен гласник на Општина Карпош" бр, 15/2015, 08/2016), Градоначалникот на Општина Карпош објавува

**ОГЛАС**
**за издавање под закуп на училишни спортски сали и друг простор (холови и училници) во основните училишта на територија на Општина Карпош за 2016/2017 година**

**I. Термини за закуп на училиштен простор и училишни спортски сали ќе се доделуваат во следните општински основни училишта:**

1. ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“,
2. ООУ „Вера Циривири-Трена“,
3. ООУ „Лазо Трповски“,
4. ООУ „Владо Тасевски“,
5. ООУ „Братство“,
6. ООУ „Димо Хаџи Димов“,
7. ООУ „Јан Амос Коменски“,
8. ООУ „Аврам Писевски“,
9. ООУ „Петар Поп Арсов“ и
10. ООУ „Војдан Чернодрински“ - холови и училници

**II. Право на учество и критериуми за закуп на училиштен простор и училишни спортски сали**

- Право на учество за доделување на термини за закуп на училиштен простор и училишни спортски сали имаат физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош,

- Спортските клубови треба да достават доказ - решение дека се регистрирани на подрачјето на Општина Карпош,

- Спортските клубови да имаат организирано младинска спортска школа и нејзино активно учество во натпреварувањето организирано од матичните национални федерации на Република Македонија и

- Физичките лица, НВО, здруженија на граѓани, културно уметнички друштва и други организации да достават доказ дека се жители на

Општина Карпош, односно дека истите се регистрирани на подрачјето на Општина Карпош.

**III. Цена на термини за закуп на училиштен простор и училишни спортски сали**

Цената за закуп на еден час во даден термин изнесува:

- за училишна спортска сала - 10.00 евра / 60 минути, во денарска противвредност, сметано според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплата,
- за училница - 10.00 евра / 60 минути, во денарска противвредност сметано според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплата и
- за училиштен хол - 5.00 евра / 60 минути, во денарска противвредност сметано според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплата.

Термините за закуп на училишните спортски сали, училни и холови се доделуваат по денови и часови и исклучиво за спортско - рекреативни активности (кошарка, баскет, ракомет, одбојка, гимнастика, боречки спортови), танцови игри, курсеви и слично.

За доделените термини за закуп на училиштен простор и спортски сали се склучува соодветен договор.

**IV Начин на пријавување**

- Сите физички и правни лица кои се пријавуваат на огласот треба да пополнат барање кое ќе содржи: училиштето во кое сакаат да закупат термин, ден и час на користење на терминот и личен контакт (адреса, телефон или е-маил) и кон барањето да се достават сите горенаведени докази.

- Документите можат да се достават по пошта или во Архивата на Општина Карпош, ул. Радика бр. 9, барака 2 – Скопје, со назнака „За оглас за издавање под закуп на училишни спортски сали и друг простор (холови и училници) во основните училишта на територија на Општина Карпош за 2016/2017 година.

-

**V. Рок за поднесување на документите**

Рокот за поднесување на документите е до крајот на учебната 2016/2017 година, сметано од денот на објавувањето на овој Оглас.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**